Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 04-242/3
25.01.2023 год. - viti
Скопје / Shkup



СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
___________, 2023

АРХИВСКИ БРОЈ: 04-242/

Врз основа на Член 52 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 02/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ОДЛУКА

**за невршење на избор на еден (1) извршител-кандидат за административен службеник за работното место УПР0101Б04000 Раководител на Подрачна Единица Кичево - Сектор за организација и координација на подрачни единици**

1. За работното место **Раководител на Подрачна Единица Кичево - Сектор за организација и координација на подрачни единици НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за вработување по интерен оглас формирана со Решение број 04-242/2 од 20.01.2023 година, во функција за спроведување постапка за унапредување на административен службеник за извршување на работните задачи од точка 1 на оваа одлука, а по интерниот оглас за унапредување на административен службеник број 02/2022 објавен на 30.12.2022 година на интернет-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за администрација, за работното место број 3 од огласот, на ден 23.01.2023 година спроведе административна селекција за горенаведеното работно место и утврди дека нема пријавен кандидат, кој факт е констатиран во Записникот од административна селекција за интерен оглас, број 04-179/10 од 23.01.2023 година.

Од причина што за горенаведеното работно место нема кандидат кој се квалификува за унапредување, не се врши избор и Државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на одлуката на интернет страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР/
SEKRETARI SHTETËROR
Rexhail Ismaili


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015